# Политика на приватност на Основниот суд Кратово

Оваа политика на приватност дава општи информации за обработката на лични податоци кога ги посетувате нашите интернет страни www.oskratovo.mk и https://edostava.sud.mk и/или користите некоја од нашите услуги преку истите. Ги собираме само оние лични податоци кои се неопходни да ги оствариме нашите законски задачи и овластувања.

Основниот суд Кратово за заштита од неовластен пристап и користење на личните податоци на своите корисници и субјектите за кои чува / обработува податоци, ги презема сите потребни технички и организациски мерки, согласно законската регулатива и подзаконските акти кои се однесуваат на заштитата на личните податоци.

**Контролор на збирки на лични податоци**

Контролор на личните податоци е Основен суд Кратово, со седиште на ул. „Јосиф Даскалов“ бб, Кратово, Република Северна Македонија
Телефон: 031 481 018
Факс: 031 481 986
Е-пошта: osnovensudkratovo@oskratovo.mk

**Чии податоци собираме**

- Посетители на нашите интернет страни http://www.oskratovo.mk и https://edostava.sud.mk ;

Вообичаено собираме податоци кои се користат за одржување на информатичката сигурност на нашите интернет страни и за подобрување на услугите кои се понудени на страните.

- Корисници кои поставуваат прашања или поднесуваат претставки;

Овие прашања / претставки содржат информации за идентитетот на подносителот на барањето.

- Корисници кои бараат пристап до информации од јавен карактер;

За да се обработат барањата за пристап до информации од јавен карактер од подносителите се бара да ги достават податоците согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

- Корисници на сервисот Систем за електронска достава на судски документи со кориснички профил;

За отворање на кориснички профил подносителот доставува лични податоци кои се потребни за постапување согласно законските овластувања на судовите и за единствена идентификација на корисникот.

**Категории на податоци кои се обработуваат**

- Податоци од посетите на интернет страните

При посетата на интернет страните на Основниот суд Кратово, за секој поединечен пристап од корисник автоматски се креираат записи во логови кои може да содржат информации за:

• Датум и време на пристап;
• ИП (IP) адреса;
• Уредот од кој пристапува корисникот, вид и модел;
• Оперативен систем;
• Видот на пребарувачот;
• Страните кои корисникот ги посетува на нашите интернет страни;
• Држава (се одредува преку IP адресата);

Дел од наведените информации се зачувуваат на локален компјутер или интернет овозможен уред - колачиња (cookies).

- Податоци кои корисниците доброволно ги доставуваат

• Корисници без кориснички профил - при поставување на прашања, поднесување на претставки или барање за пристап до информации од јавен карактер, корисниците доброволно доставуваат податоци за идентитетот на подносителот. Ги собираме следниве категории на лични податоци: име и презиме, адреса, контакт телефон и e-mail. Истите автоматски се испраќаат до e-mail адреса на одговорните службени лица во Основниот суд Кратово и се обработуваат согласно законските регулативи.

• Корисници со кориснички профил - за овие корисници покрај техничките детали се евидентираат и неопходните лични податоци потребни за да се креира профилот. За користење на сервисот кој го нуди Основниот Кратово потребна е соодветна автентикација (потврдување/проверка на идентитетот на корисникот) и соодветна авторизација (утврдување/доделување на права - овластувања за користење).

**Како ги собираме личните податоци**

Личните податоци ги собираме преку различни канали, вклучувајќи:

• преку формите за поставување прашање, поднесување претставка, пристап до информации од јавен карактер и формите за регистрирање како корисник на Системот за електронска достава на судски документи со креирање на кориснички профил
• преку контакт e-mail адреси достапни на интернет страната
• преку пошта
• по телефон/факс

**Право на поднесување на барање до АЗЛП**

Ако сметате дека начинот на кој Основниот суд Кратово ги обработува Вашите лични податоци, ги повредува одредбите на Законот за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на лични податоци како надзорно тело, по кое ќе се постапува согласно Законот за заштита на личните податоци.

**Промена на политиката за приватност**

Политиката за приватност редовно ќе се менува и дополнува соодветно на настанатите промени и нашите активности.